За потребите на Проектот на УСАИД за граѓанско учество, Здружението Асоцијација за демократска иницијатива – АДИ објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ**

**ОБЕЗБЕДУВАЊЕ УСЛУГИ –** Консултантски услуги во рамки на Проектот на УСАИД за граѓанско учество.

1. Здружението Асоцијација за демократска иницијатива – АДИ во рамките на Проектот на УСАИД за граѓанско учество, има потреба од обезбедување на услуги – консултант (правен субјект)**.**

2. Периодот на спроведување на задачите ќе започне по потпишување на договорот помеѓу АДИ и избраниот консултант. Точните датуми за активностите и целокупната динамика ќе се утврдат во договор со АДИ.

3. Ве охрабруваме да ни доставите Ваша понуда за горенаведениот јавен повик. Понудата треба да ги содржи следните елементи:

- Тековна состојба не постара од 6 месеци;
- Прилог 1. Образец за преглед на реализирани услуги во последните 3 години;
- Прилог 2. Предлог методологија на работа;
- Прилог 3. Образец за финансиска понуда;
- Прилог 4. Кратка биографија на клучниот експерт *(претставена на некој од општо прифатените обрасци)*;
- Прилог 5: Најмалку три препораки од слични работни ангажмани на консултантот (правен субјект).

4.Изборот на консултантот ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и на финансиската понуда.

5. Услови и начин на плаќање

Плаќањето ќе биде извршено по реализација на планираните активности од страна на консултантот.

6. Начин на доставување на понудите

Понудата се доставува по електронски пат, целокупната скенирана докуменација се доставува на следната е-пошта: katica@adi.org.mk Во насловот наведете го : "Повик Реф. Бр. 0503-834".
Краен рок на доставување на понудите е 10 дена од објавување на повикот, но не подоцна од 29.05.2020 година до 16:00 часот.
Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според условите на повикот, нема да бидат земени предвид.